АД за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп
Бр. 10189/0701/1121
28.09.2021 год.
Скопје

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0301-2981/1
27.09.2021 год.
СКОПЈЕ

ОСИГУРУВАЧ: **Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје,** адреса: ул. Борис Трајковски бр. 62, 1000 Скопје, Одговорно лице: Др. Зоран Нарашанов со МБ. **5702470** ( во понатамошниот текст осигурувач ) од една страна и

**ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија Скопје,**
претставувано од Мед.Директор Доц.Др. Иван Барбов и Орг.ВД. Директор: Др. Аљајдин Хавзиу ( во понатамошниот текс договорувач на осигурување) од одруга страна
На ден _____________2021 година склучија:

# ДОГОВОР

## за јавна набавка на услуги – ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ И ОПРЕМА (ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ , АПАРАТИ, КОМПЈУТЕРИ И ЗАЛИХИ)

## Оглас 15548/2021

### II ДЕФИНИЦИИ

Член 1

Одделни поими и изрази употребени со овој договор имаат значење согласно Законот за јавни набавки и неговите измени и дополнување (Сл.весник на РМ бр.24/19 ).

### III ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на договорот е јавна набавка за осигурување на имот на ЈЗУ УК за неврологија Скопје за период од 1(една) година.
Јавната набавка за осигурувањето е неделива и опфаќа:
- Осигурување на градежни објекти, целокупна опрема и залиха од ризик пожар и други опасности,земјотрес и поплава без франшиза и со откупена амортизација (согласно техничката спецификација).
- Осигурување на целокупната опрема и апарати од кршење и некои други опасности со откуп на амортизирана вредност при делумни штети ( за целокупната опрема без исклучок) без франшиза и со откупена амортизација (согласно техничката спецификација).
- Осигурување на целокупната опрема, апарати и залиха од провална кражба и разбојништво без франшиза и со откупена амортизација.
- Комбинирано осигурување на компјутери, компјутерска опрема без франшиза,со откупена амортизација(согласно техничката спецификација).

Член 3

Договорувачот на осигурувањето осигурува кај Осигурувачот имот наведени во Тендерската документација согласно долунаведените Општи и Посебни (Дополнителни) услови за осигурување и меродавните премиски стапки на осигурување кај осигурувачот.

### IV ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Јазик на Договорот и на другата документација кои претставуваат составен дел на договорот е македонски јазик.

### V ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Вкупната вредност на Договорот изнесува **100.000,00** денари со сите давачки , согласно прифатената понуда по јавната набавка.

### VI ПРАВА И ОБВРСКИ